Фабрика за производство на битуменски изолациони материјали
БИМ акционерско друштво
Бр. 03-111/2
13.03. 2024 год.
СВ. НИКОЛЕ

**ОД:**
БИМ АД Свети Николе
Ул. Железничка бр.164, Свети Николе
ЕМБС 4043600, ЕДБ 4025997100945

**ДО:**
**Агенција за заштита на личните податоци**
Бул. Гоце Делчев бр.18 (зграда на МРТВ кат 14).

Датум: 13.03.2024 год.

**Предмет:** известување согласно чл.41, ст.1 и ст.7 од Законот за заштита на лични податоци

**Почитувани,**

Согласно член 41 ст.1 и ст.7 од Законот за заштита на лични податоци (Сл. Весник на РСМ бр. 42/20), Ве известуваме дека БИМ АД Свети Николе (во понатамошниот текст Контролорот) изврши промена на Офицерот за заштита на лични податоци, и назначи нов Офицер за заштита на лични податоци. Оваа промена беше потребна од причина што досега именуваниот Офицер за заштита на лични податоци, со промената на работното место повеќе не е во можност да ја извршува оваа функција. Назначувањето на нов Офицер за заштита на лични податоци е врз основа на Одлука донесена од страна на Генералниот директор на БИМ АД Свети Николе, и истата Ви ја доставувам во прилог на оваа известување.

**Прилог:** Одлука за назначување на Офицер за заштита на лични податоци бр. 03-110 од 13.03.2024 година

За Офицер за заштита на лични податоци кај Контролорот е назначена Христина Накова. Назначениот Офицер е вработена кај Контролорот и е распоредена на работно место „Правен референт,,.

Офицерот за заштита на лични податоци можете да го контактирате директно на телефонскиот број 032-455-177, или преку електронска пошта на адреса: pranasluzba@bim.com.mk .

Доколку имате дополнителни прашања можете слободно да не исконтактирате.

Со почит,

БИМ АД Свети Николе
Генерален директор,
Слободан Ивановски

БИМ

Фабрика за производство на битуменски изолациони материјали
**БИМ** акционерско друштво
Бр. 02-110
13.03. 2024 год.
СВ. НИКОЛЕ

Врз основа на член 58 и чл.63 од Статутот на БИМ АД Свети Николе, а во врска со чл.41 од Законот за заштита на лични податоци (Сл. Весник на РСМ бр.42/20), на ден 13.03.2024 година, ја донесувам следната

**ОДЛУКА**
**за разрешување и избор на нов Офицер за заштита на лични податоци**

1. **Се разрешува** досегашниот Офицер за заштита на лични податоци на БИМ АД Свети Николе **Стојка Андроникова.**

2. За нов Офицер за заштита на лични податоци се назначува лицето **Христина Накова,** вработена во Друштвото, распоредена на работно место „Правен референт„.

3. Офицерот за заштита на личните податоци е должен да ги врши работите предвидени во член 43 од Законот за заштита на личните податоци (Сл. Весник на РСМ бр.42/20)

4. Контакт податоците на Офицерот за заштита на лични податоци ќе се објават на официјалната интернет страница на Друштвото и за негото именување ќе се извести Агенцијата за заштита на лични податоци.

5. Оваа одлука стапува во сила од денот на донесувањето и ќе се применува на денот на нејзиното донесување.

БИМ АД Свети Николе
Генерален директор
Слободан Ивановски